# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИ НАОДИ

## Црвен Крст на Република Северна Македонија

## Сметка – Фонд за солидарност

## Март 2026



Kreston Macedonia DOOEL Skopje is a member firm of Kreston Global. Kreston Global is a global network of accounting firms, each of which is a separate and independent legal entity, and as such has no liability for the acts or omissions of any other member firm. Kreston Global provides no professional services in any country. Kreston member firms are separate, independent firms and are responsible for the professional services they provide.

Kreston Macedonia dooel
Pandil Siskov str. no. 5-1/45, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tax no. MK4032022552493 | ID 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

An independent member of the Kreston Global network

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

# Извештај за фактички наоди

***Црвен Крст на Република Северна Македонија***

Во согласност со писмото за ангажман, го доставуваме нашиот Извештај за фактички наоди ("Извештај") за состојбата со приливите и одливите на сметката - Фонд за солидарност ("Сметка"), заклучно со 27.02.2026 година кои се однесуваат за настанот што се случи во ноќен клуб Пулс во Кочани на 16.03.2025 година.

## Цел

Целта на овој извештај за фактички наоди е да спроведеме одредени постапки за кои се согласивме и да ви поднесеме извештај за фактички наоди во однос на извршените постапки.
Нашиот ангажман беше верификација на приливите (уплатите) и одливите (исплатите) на сметката – Фонд за солидарност, кој претставува ангажман за извршување на одредени договорени постапки во однос на уплатените износи, лицата кои ги извршиле уплатите, како и исплатените износи, критериумите за исплата, и лицата кон кои се извршени исплатите.
За овој ангажман имаме претходно издадено:

- Извештај на 9 јули 2025 година, за периодот од 16.03.2025 година до 09.07.2025 година,
- Извештај на 04 септември 2025 година за периодот од 09.07.2025 година до 22.08.2025 година, односно вкупниот период опфатен во овој Извештај е од 16.03.2025 година до 22.08.2025 година.

Со овој извештај се опфатени уплатите и исплатите од 23.08.2025 година до 27.02.2026 година, и претставува сублимат и на претходните два извештаја така што опфатен е периодот од 16.03.2025 година до 27.02.2026 година.

## Стандарди и етика

Нашиот ангажман беше преземен во согласност со:

- Меѓународен стандард за поврзани услуги (ISRS) 4400 Ангажмани за извршување на договорени процедури во врска со финансиските информации како што е објавено од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC);
- Етичкиот кодекс за професионални сметководители издаден од страна на IFAC. Иако ISRS 4400 предвидува дека независноста не е услов за договорени постапки, договорното тело бара ревизорот исто така да се усогласува со барањата за независност на Етичкиот кодекс за професионални сметководители.

## Извршени постапки

Како што беше побарано, ние ги извршивме постапките наведени подолу.
Овие постапки се извршени со цел да се обезбеди јасен увид на подобноста на приливите и одливите на сметката.

## Извори на информации

Извештајот ги утврдува информациите кои ни ги давате како одговор на конкретни прашања или добиени и извлечени од вашите сметки и записи.

## Фактички наоди

Вкупните приливи и исплати кои се предмет на оваа верификација за периодот од 16.03.2025 година до 27.02.2026 година изнесуваат:

| Опис | Износ |
|---|---:|
| Вкупни приливи | 168.939.783 |
| Вкупни исплати | 166.643.604 |
| Средства останати на сметка | 2.296.179 |

Коефициентот на покриеност како на приливите така и на исплатите е 100%. Овој сооднос го претставува вкупниот износ проверен од нас изразен како процент од вкупните износи кои биле предмет на оваа верификација.
Деталите за нашите фактички наоди кои произлегуваат од постапките кои ги извршивме се прикажани во Поглавје Б од овој извештај.

**Употреба на овој извештај**

Овој извештај е подготвен исклучиво за ваша доверлива употреба и исклучиво за наведените цели за користење од ваша страна. Овој извештај не смее да се користи за било која друга цел, ниту пак може да се споделува со други страни. Овој извештај се однесува исклучиво на сметките и ставките кои се споменати погоре и не се однесува на финансиските извештаи на Организацијата земени како целина.

| | |
|---|---|
| Датум на извештајот на ревизорот: | Март 12, 2026 |
| Адреса на ревизорот: | Крестон Македонија,<br>ул. Пандил Шишков, бр. 5/1-45, Скопје |
| Име на ревизорот: | Звонко Кочовски, Овластен ревизор |

## A. Контекст на ангажманот

Црвениот Крст на Република Северна Македонија е хуманитарна организација со долгогодишна традиција чија мисија е да помогне на најранливите категории на население без разлика на етничка, верска или политичка припадност. Како хуманитарна организација ЦКРСМ работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

Во рамки на своите активности Црвениот Крст има отворена сметка на солидарност која е наменета за прибирање донации за различни хуманитарни цели.

Намена на сметката:
- Помош за настрадани од природни непогоди (поплави, пожари, земјотреси итн.)
- Поддршка на социјално загрозени семејства
- Медицинска помош и обезбедување основни средства за живот
- Реакција во кризни ситуации на национално или локално ниво
- Поддршка за бегалци и раселени лица

Општи податоци за сметката:
Трансакциска сметка: 300000001327966
Комерцијална Банка АД Скопје
Цел на дознака: Донација во Сметка на солидарност
Сметка за донации од странство (во девизи):
IBAN: MK07300000000132807
SWIFT: KOBSMK2X

По случувањето на трагичната несреќа во ноќниот клуб Пулс во Кочани на 16.03.2025 година беше објавен повик за донации за што беа ставени во функција:
- Сметката на фондот за солидарност за уплати во денари и девизи,
- Телефонски линии за донации преку мобилните оператори,
- Онлајн платформа за донирање

Заклучно со 27.02.2026 година од апелот за мобилизирање на средства, обезбедени се вкупно 168.939.783 денари за помош на настраданото население во Кочани. Во апелот се вклучија голем број на граѓани, компании, локални самоуправи, институции, невладини организации, здруженија на граѓани и други донатори во земјата и странство.

Од страна на Министерот за правда донесено е Решение со број УП11-845/2025 од 22.04.2025 година како и Решение со број УП11-950/2025 од 12.05.2025 година, со кои се потврдува дека донациите во финансиски средства на Црвен Крст дадени од правни и физички лица претставуваат донација од јавен интерес во областа на социо-хуманитарната дејност. Констатирано е дека донациите се во согласност со дејноста на Црвениот Крст како примател на донациите и дека донациите се даваат на Црвен Крст со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми. Следствено на тоа, примените донации во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности се ослободени од данок на доход (персонален данок на доход). При исплатите на помошта на настраданото население во Кочани не е платен персонален данок на доход од 11,11% на нето исплатените износи, што е во согласност со позитивните законски одредби.

## Б. Извршени постапки и фактички наоди

*Постапките кои ги извршивме и фактичките наоди кои произлегуваат од овие постапки се:*

1. Ги обезбедивме изводите од денарската сметка за солидарност со број 300000001327966 во Комерцијална Банка АД, за периодот од 16.03.2025 до 27.02.2026 година, од извод број 11 од 2025 година до извод број 18 од 2026 година.
   Ги обезбедивме изводите од девизната сметката за солидарност со број IBAN: MK07300701000001228 за периодот од 16.03.2025 до 27.02.2026 година, од извод број 1 до извод број 38.
   Од увидот во изводите ги утврдивме приливите како што следат:

| | Опис | Приливи 16.03.2025 - 27.02.2026 |
|---|---|---|
| а | Приливи на денарска сметка | 159.455.485 |
| б | Приливи на девизна сметка | 9.484.298 |
| | Вкупно | **168.939.783** |

   Во продолжение е преглед на приливите според донаторите, како на денарската така и на девизната сметка:

| а. Приливи на денарска сметка | Приливи 16.03.2025 - 27.02.2026 |
|---|---|
| Online | 5.111.298 |
| Органи на Општини | 40.120.068 |
| Здруженија, Фондации, Организации | 11.965.947 |
| Трговски друштва | 64.223.115 |
| А1 - телефонски линии за донации | 8.798.100 |
| Телеком - телефонски линии за донации | 8.614.300 |
| Установи, Институции, Агенции | 10.255.676 |
| Физички лица | 10.366.981 |
| Вкупно | 159.455.485 |

| б. Приливи на девизна сметка | Приливи 16.03.2025 - 27.02.2026 |
|---|---|
| Трговски друштва | 2.851.785 |
| Здруженија, Фондации, Организации | 2.511.408 |
| Физички лица | 4.121.105 |
| Вкупно | 9.484.298 |

2. Од увидот во изводите ги утврдивме вкупните исплати кои што изнесуваат 166.643.604 денари.

| | Опис | Исплати 16.03.2025 - 27.02.2026 |
|---|---|---|
| а | Исплати на лица во период 25.03-02.04.2025 | 33.600.000 |
| б | Исплати на лица во период 03.04-16.05.2025 | 73.849.101 |
| в | Исплати на лица на 16.6.2025 | 37.970.000 |
| г | Исплати на лица на 8.7.2025 | 1.480.000 |
| д | Останати исплати поврзани со помош на настраданите лица | 1.898.703 |
| ѓ | Исплати на лица на 25.7.2025 | 15.800 |
| е | Исплати на лица на 13.8.2025 | 3.630.000 |
| ж | Исплати на лица на 13.11.2025 | 2.000.000 |
| з | Исплати на лица на 27.02.2026 | 12.200.000 |
| | Вкупно | **166.643.604** |

а. Според Одлука на ЦКРСМ од 24.03.2025 година одлучено е да се изврши исплата по 150.000 денари по семејство на починато лице и 150.000 денари по семејство на повредено лице.

Исплатите се извршени во период од 25.03.2025 до 02.04.2025 година, како што следи:

| Датум | Лица починати | Вкупно исплатен износ за починати | Лица повредени | Вкупно исплатен износ за повредени | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 25.3.2025 | 58 | 8.700.000 | 91 | 13.650.000 | 22.350.000 |
| 26.3.2025 | | 0 | 7 | 1.050.000 | 1.050.000 |
| 27.3.2025 | 1 | 150.000 | 6 | 900.000 | 1.050.000 |
| 28.3.2025 | 1 | 150.000 | 8 | 1.200.000 | 1.350.000 |
| 1.4.2025 | | 0 | 4 | 600.000 | 600.000 |
| 2.4.2025 | | 0 | 48 | 7.200.000 | 7.200.000 |
| вкупно | | 9.000.000 | | 24.600.000 | **33.600.000** |

б. Според Одлука на ЦКРСМ од 03.04.2025 година одлучено е да се изврши исплата по 150.000 денари по семејство на починато лице, по 150.000 денари по семејство на повредено лице кое се лекува во странство, и по 100.000 денари по семејство на повредено лице кое се лекува во државата.
Според Одлука на ЦКРСМ од 16.04.2025 година одлучено е да се изврши исплата по 400.000 денари по семејство на починато лице.

Исплатите се извршени во период од 03.04.2025 до 16.05.2025 година, како што следи:

| Датум | Лица починати | Вкупно исплатен износ за починати | Лица повредени | Вкупно исплатен износ за повредени | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.2025 | 60 | 9.000.000 | 136 | 18.250.000 | 27.250.000 |
| 8.4.2025 | | 0 | 3 | 450.000 | 450.000 |
| 17.4.2025 | 62 | 24.800.000 | | | 24.800.000 |
| 22.4.2025 | 9 | 448.218 | 4 | 199.208 | 647.426 |
| 9.5.2025 | 63 | 6.300.000 | 70 | 7.850.000 | 14.150.000 |
| 9.5.2025 | 1 | 400.000 | | | 400.000 |
| 16.5.2025 | 35 | 2.090.375 | 68 | 4.061.300 | 6.151.675 |
| вкупно | | 43.038.593 | | 30.810.508 | **73.849.101** |

Исплатата на 22.04.2025 година во вкупен износ од 647.426 денари е кон 13 лица, по основ на донација на Сојуз на композиторите на Македонија, и се однесува за починатите и повредените лица од бендот:
- за 9 починати лица исплатени се 448.218 денари (по 49.802 денари по лице),
- за 4 повредени лица исплатени се 199.208 денари (по 49.802 денари по лице),

Исплатата на 16.05.2025 година во вкупен износ од 6.151.675 денари е по основ на донација E-CROWD – *платформа за граѓански организации за реализирање на кампањи за помош и поддршка на граѓани*, и се однесува за починатите и повредените лица на начин утврден од страна на донаторот:
- за 35 починати лица исплатени се 2.090.375 денари (по 59.725 денари по лице),
- за 68 повредени лица исплатени се 4.061.300 денари (по 59.725 денари по лице),

в. Според Одлука на ЦКРСМ од 16.06.2025 година одлучено е да се изврши исплата на лица распределни во пет групи: прва група по 60.000 денари по лице; втора група по 60.000 денари по лице; трета група по 150.000 денари по лице; четврта група по 500.000 денари по лице; петта група по 1.000.000 денари по лице. Групите се според проценката на степенот на повреди утврдени од страна на работна група на Министерство за здравство.

Исплатите се извршени на 16.06.2025 година, како што следи:

| Датум | Лица повредени | исплатен износ по лице | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|
| 16.6.2025 | 77 | 60.000 | 4.620.000 |
| 16.6.2025 | 39 | 150.000 | 5.850.000 |
| 16.6.2025 | 25 | 500.000 | 12.500.000 |
| 16.6.2025 | 15 | 1.000.000 | 15.000.000 |
| вкупно | | | **37.970.000** |

г. На 08.07.2025 година извршени се исплати кон лицата опфатени во Одлуката од 16.06.2025 година а за кои не била извршена исплата на 16.06.2025 година, како што следи:

| Датум | Лица повредени | исплатен износ по лице | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|
| 8.7.2025 | 4 | 60.000 | 240.000 |
| 8.7.2025 | 1 | 90.000 | 90.000 |
| 8.7.2025 | 1 | 150.000 | 150.000 |
| 8.7.2025 | 1 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| вкупно | | | **1.480.000** |

д. Освен исплатената помош кон лицата, извршени се и следните исплати:

| Опис | Вкупно исплатен износ |
|---|---|
| Банкарски провизии | 53.960 |
| Подршка на семејствата во спроведување на погребите | 1.844.743 |
| вкупно | **1.898.703** |

ѓ. На 25.07.2025 година извршена е исплата во износ од 15.800 денари кон едно лице на начин утврден од страна на донаторот.

е. Според Одлука на ЦКРСМ од 28.06.2025 година одлучено е да се изврши исплата на лица распределни во групи: прва група по 60.000 денари по лице; втора група по 60.000 денари по лице; трета група по 150.000 денари по лице; четврта група по 500.000 денари по лице; петта група по 1.000.000 денари по лице. На 13.08.2025 година извршени се исплати кон лицата како што следи:

| Датум | Лица повредени | исплатен износ по лице | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|
| 13.08.2025 | 8 | 60.000 | 480.000 |
| 13.08.2025 | 1 | 150.000 | 150.000 |
| 13.08.2025 | 2 | 500.000 | 1.000.000 |
| 13.08.2025 | 2 | 1.000.000 | 2.000.000 |
| вкупно | | | **3.630.000** |

ж. Според Одлука на ЦКРСМ од 09.10.2025 година одлучено е да се изврши исплата на две повредени лица во износ по 1.000.000 денари.
Исплатата на двете лицата е извршена на 13.11.2025 година во вкупен износ од 2.000.000 денари.

з. Според Одлука на ЦКРСМ од 24.02.2026 година одлучено е да се изврши исплата на повредени лица распределни во групи: прва група по 800.000 денари по лице; втора група по 400.000 денари по лице; и на едно лице 1.000.000 денари.
Исплатата кон лицата е извршена на 27.02.2026 година во вкупен износ од 12.200.000 денари.

| Датум | Лица повредени | исплатен износ по лице | Вкупно исплатен износ |
|---|---|---|---|
| 27.02.2026 | 10 | 800.000 | 8.000.000 |
| 27.02.2026 | 8 | 400.000 | 3.200.000 |
| 27.02.2026 | 1 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| вкупно | | | **12.200.000** |

**Заклучок**

Од вкупните приливи за донација во износ од 168.939.783 денари исплатени се 166.643.604 денари. Остатокот на парични средства во износ од 2.296.179 денари се салдо на денарската сметка.

* * *



Приливи на денарска сметка
40%
25%
8%
7%
6%
6%
5%
3%
Трговски друштва
Органи на Општини
Здруженија, Фондации, Организации
Физички лица
Установи, Институции, Агенции
А1 - телефонски линии за донации
Телеком - телефонски линии за донации




Приливи на денарска сметка
64,223,115
40,120,068
11,965,947
10,366,981
10,255,676
8,798,100
8,614,300
5,111,298
Вкупно
Трговски друштва
Органи на Општини
Здруженија, Фондации, Организации
Физички лица
Установи, Институции, Агенции
А1 - телефонски линии за донации
Телеком - телефонски линии за донации
Online


Приливи на девизна сметка
30%
27%
43%
Трговски друштва
Здруженија, Фондации, Организации
Физички лица


Приливи на девизна сметка
2,851,785
2,511,408
4,121,105
Вкупно
Трговски друштва
Здруженија, Фондации, Организации
Физички лица


Износ
40%
24%
9%
8%
6%
5%
5%
3%
Трговски друштва
Органи на Општини
Физички лица
Здруженија, Фондации, Организации
Установи, Институции, Агенции
А1 - телефонски линии за донации
Телеком - телефонски линии за донации
Online


Приливи на денарска и девизна сметка
67,074,900
40,120,068
14,488,086
14,477,355
10,255,676
8,798,100
8,614,300
5,111,298
Износ
Трговски друштва
Органи на Општини
Физички лица
Здруженија, Фондации, Организации
Установи, Институции, Агенции
А1 - телефонски линии за донации
Телеком - телефонски линии за донации
Online


Исплати
1%
31%
68%
Повредени лица
Починати лица
Останати трошоци


Исплати
112,706,308
52,038,593
1,898,703
Износ
Повредени лица
Починати лица
Останати трошоци